Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 2391/2023

Дата...24.-11.-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште, Општина Пробиштип.** Површината на планскиот опфат изнесува 1,61 ha.

Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место со основна класа на намена Е2-Комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште и КО Петршино, Општина Пробиштип, со тех. бр. Y02320 и траса за која што има издадено Услови за планирање на просторот за поставување на 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стримош, КО Пробиштип, Општина Штип, со тех. бр. Y37023.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y42923** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4 во КО Бучиште, Општина Пробиштип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4 во КО Бучиште, Општина


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës se Maqedonisë se Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Пробиштип потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. Согласно основните цели и одредби од Просторен план: "Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите." Планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште – нива од 4-та бонитетна класа.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4 во КО Бучиште, Општина Пробиштип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 54552 од 09.08.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште, Општина Пробиштип. Површината на планскиот опфат изнесува 1,61 ha.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4 во КО Бучиште, Општина Пробиштип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2391/2023 од 06.11.2023 година.

Условите за планирање на просторот **со намена трансформаторска станица ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4 во КО Бучиште, Општина Пробиштип** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonise së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikes se Maqedonise së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk